GfK Skopje

# Соопштение за јавност

Датум
02 Септември, 2010

Боге Божиновски
Tel. 312 6001
boge.bozinovski@gfk.com.mk

## Користење на банкарски производи и услуги во Македонија

Македонија е високо позиционирана според учеството на возрасната популација (постара од 15 години) кои соработуваат со банка/банки. Во Австрија, речиси сите возрасни жители се воедно и клиенти на банките, додека во Македонија 8 од 10 соработуваат барем со некоја банка.

*Слика 1: Учество на клиенти на банка во целокупна популација (15+ години) – приказ по земји во Централна и Источна Европа*




GfK Skopje
Vodnjanska 50
1000 Skopje

Tel. +389 2 312 6001
Fax +389 2 313 3980
info.macedonia@gfk.com.mk
www.gfk.com.mk

Managing Director:
Весна Кумановиќ

Во нашата држава најголем број на клиенти соработуваат само со една банка. Сепак, повеќе од една третина клиенти соработуваат со две или повеќе банки.

*Слика 2: Учество на клиенти според број на банки со кои соработуваат*




Во Октомври 2009, 32% од корисниците на банкарски производи и услуги користеле две или повеќе банки, додека во Април 2010 овој процент изнесува 36% што укажува на податок дека на банкарскиот пазар корисниците се повеќе одбираат различни банкарски производи/услуги од повеќе од една банка.

Задоволството на корисниците од главната банка со која соработуваат е на релативно високо ниво во изминатите 2 години – период од кога се спроведува FMDS® истражувањето во Македонија. Благ пад на задоволството е забележано во Април 2010 во однос на истражувањето спроведено во Октомври 2009 што може да е предизвикано од кризата и затегнатите критериуми на банките во изминатиот период. Сепак, просечното задоволство во Април оваа година изнесуваше 4.23 поени (на скала од 1 до 5), додека во Април 2008 овој индекс изнесуваше 4.07 поени.

*Слика 3: Задоволство на корисници со главната банка на соработка*




**За истражувањето: GfK FMDS®** – континуирано полугодишно истражување на банкарскиот пазар во Македонија од 2008 година. Освен преглед на главните индикатори за познатост на банки, забележаност на реклами за банки, ги пратиме и облиците на однесување на клиентите (со која банка соработуваат, која е главна банка, што од банкарските производи и услуги користат, што имаат намера да почнат да користат), како и индикатори за лојалност и доверба во банките. (n=1000 испитаници во секој круг; анкета лице во лице по домаќинства)

**За GfK Skopje**

GfK Skopje беше основана во 2000 година како STRATUM Research и претставува првата македонска компанија која дава услуги од областа на истражување на пазарот, како и информации и анализа за производите и услугите наменети за консументи. Во 2007 година станува дел од ГфК Групацијата.

Вработените во GfK Skopje се искусни експерти од областа на психолигија, социологија, економија, статистика и други области.

Има мрежа од повеќе од 250 интревјуери во Македонија и околу 100 интервјуери во Косово, 5 супервизори во Македонија и 3 супервизори на Косово.

Има 12 работни единици достапни за телефонски анкети со помош на компјутер (CATI) центарот во Скопје, 50 лаптопи за CAPI Интервјуа и 30 обучени интервјуери за телефонски анкети, како и современо опремено студио за фокус групи. Повеќе информации на www.gfk.com.mk